**20182093749**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2018 година.

Бр. 08- 6552/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11 и 192/15), во членот 2 став (1) по точката 18 се додава нова точка 19, која гласи:

„19. Сопствени приходи на основен буџет на општина се даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот од додадена вредност.“.

Член 2

Во членот 22 по ставот (1) се додаваат 4 нови става, кои гласат:

„Сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција.

По исклучок на ставот (2) на овој член општината може да го надмине максималниот износ на планирани сопствени приходи на основниот буџет само доколку има обезбедено потврда за трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет, утврдени со закон.

Општината во текот на годината може да го надмине максималниот износ на планирани сопствени приходи на основниот буџет утврдени од ставовите (2) и (3) на овој член, во случај кога ќе добие трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет утврдени со закон, врз основа на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општината донесена од Советот на општината.

Буџетот на општината не се вчитува во трезорот на Министерството за финансии, доколку донесениот буџет од Советот на општината е изготвен спротивно од одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член.“.

Ставот (2) станува став (6).

Член 3

Во членот 27 став (2) по зборовите: „општинскиот буџет,“ се додаваат зборовите: „максимални износи на сопствени приходи на основниот буџет,“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.